## 15. МЕЃУНАРОДНА ЈУНИОРСКА ОЛИМПИЈАДА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

Во организација на Друштвото на физичари на Република Македонија (ДФРМ), Сојузот на хемичари и технолози на Македонија (СХТМ) и Македонското биолошко друштво (МБД) нашата земја учествуваше на 15. Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки, која се одржа од 2 до 11 декември 2018 година во Габороне, Боцвана. Нашиот тим освои **3 бронзени медали.**

На олимпијадата учествуваа 46 земји од 5 континенти, односно околу 250 натпреварувачи (ученици помлади од шеснаесет години) и околу 150 водачи.

Македонскиот тим го сочинуваа:

- Мила Ивановска, СОУ Гим. „Ј. Б. Тито“ – Битола (бронзен медал)
- Дарко Стојчев, СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ – Кавадарци (бронзен медал)
- Димитар Џорлев, СОУ „Јане Сандански“ – Струмица (бронзен медал)
- Бисера Јаневска, Приватна гимназија „Алгоритам“ – Центар
- Дамјан Јанчевски, ПСУ „Јахја Кемал“ – Карпош
- Мајкл Георгиевски, ООУ „Гоце Делчев“ – Кавадарци

Водачи на тимот:

- Доц. д-р Ламбе Барандовски, ДФРМ
- Проф. д-р Марина Стојановска, СХТМ
- Дипл. мол. биолог Елена Рафаиловска, МБД

На свечената церемонија, медалите на учениците од Македонија им ги додели неговата екселенција амбасадорот на Германија во Боцвана г-дин Ралф Брет, кој од 2005 до 2008 година беше амбасадор на Германија во Македонија, а од 2011 до 2015 година амбасадорот Брет беше шеф на мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Македонскиот тим го помогнаа Агенцијата за млади и спорт, Фондот за иновации и технолошки развој, градоначалниците на Кавадарци и на Прилеп, Митко Јанчев и Борче Митевски, и фирмите „Кожувчанка“, „Вардар Доломит“ и „Витаминка“, како и 120 донатори од цел свет кои помогнаа во фондот на социјалните мрежи отворен од Анита Кузмановска-Фелдман, дипл. инж. по хемија која живее во САД.

Македонија оваа година учествува по вторпат на оваа престижна олимпијада, која од Министерството за образование и наука е категоризирана во листата на 13 значајни меѓународни натпреварувања.

Следната 16. Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки ќе се одржи од 3 до 12 декември 2019 година во Доха, Катар.